Врз основа на член 24 став (1) точка 1) алинеја 17 од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија бр.96/19) и член 21 став (1) точка 5) од Правилникот за лиценци („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 51/19, 54/19, 214/19 и 114/20), Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 2 јули 2020 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА**
**ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ СНАБДУВАЊЕ СО ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА**

1. Во Одлуката за издавање на лиценца за вршење на енергетска дејност снабдување со електрична енергија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 106/20) на Друштвото за трговија и услуги ПОВЕР ОН ДОО увоз-извоз Скопје, во точката 1, како и во Прилогот во точката 1 зборовите “Друштвото за трговија и услуги ПОВЕР ОН ДОО увоз-извоз Скопје” се заменуваат со зборовите “Друштвото за трговија и услуги ЕНЕРЏИ ОН ДОО увоз-извоз Скопје”.

2. Измената од точка 1 на оваа одлука се врши по службена должност согласно известување за настанати промени во називот на носителот на лиценца.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија.

**О б р а з л о ж е н и е**

Друштвото за трговија и услуги ЕНЕРЏИ ОН ДОО увоз-извоз Скопје, со седиште на ул. Февруарски Поход бр.34-1/14 Скопје-Аеродром (во натамошниот текст: Друштво), на 29 јуни 2020 година до Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторната комисија за енергетика), во согласност со Правилникот за лиценци, поднесе Известување за настанати промени кај носител на лиценца за вршење на енергетска дејност снабдување со електрична енергија, УП1 бр.12-137/20 од 29 јуни 2020 година (во понатамошниот текст: Известување). Известувањето се однесува на настанати промени во називот на Друштвото.

Називот на Друштвото се менува од “Друштвото за трговија и услуги ПОВЕР ОН ДОО увоз-извоз Скопје” во “Друштвото за трговија и услуги ЕНЕРЏИ ОН ДОО увоз-извоз Скопје”.

Регулаторната комисија за енергетика, согласно член 21 став (1) точка 5) од Правилникот за лиценци по службена должност врши промени на лиценцата, бидејќи Друштвото изврши промена на називот.

Регулаторната комисија за енергетика на 2 јули 2020 година одржа седница на којашто врз основа на член 24 став (1) точка 1) алинеја 17 од Законот за енергетика* и член 21 став (1) точка 5) од Правилникот за лиценци, донесе Одлука за изменување на Одлуката за издавање на лиценца за вршење на енергетска дејност снабдување со електрична енергија на Друштвото за трговија и услуги ЕНЕРЏИ ОН ДОО увоз-извоз Скопје.

Имајќи го предвид горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа одлука може да се поведе управен спор, во рок од 30 дена од денот на приемот на одлуката.

**УП1 бр. 12-137/20**
**2 јули 2020 година**
**Скопје**

**Претседател на**
**Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги**
**на Република Северна Македонија**
**Марко Бислимоски**